**Известување за концентрација со која Генерали Инвестментс Холдинг С.п.А, Италија ќе стекне директна единствена контрола над Коннинг Холдингс Лимитед, Англија и индиректна единствена контрола над неговите зависни друштва**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на директна единствена контрола од страна на Генерали Инвестментс Холдинг С.п.А, со седиште на Виа Мацхијавели, 4 – 34132, Трст, Италија над друштвото Коннинг Холдингс Лимитед, Англија, со регистрирано седиште на 24 Монумент Стреет, Лондон, Англија и индиректна единствена контрола врз неговите зависни друштва.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Генерали Инвестментс Холдинг С.п.А** е холдинг компанија на група на компании кои претставуваат дел од бизнисот со управување со средства на Генерали Групацијата, која управува со средствата во име и за сметка на Генерали Групацијата и на трети лица, институционални и малопродажни клиенти.

Крајната мајка - компанија на Генерали Групацијата ("Генерали Групација") е АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.П.А. (ASSICURAZIONI GENERALI S.P.A.), регистрирана под број 026 во Регистарот на Групации на осигурување (Albo dei gruppi assicurativi) („Ассикурациони Генерали"), и истата е глобален учесник во секторот за осигурување и управување со средства.

Генерали Групацијата има корпоративно присуство во Република Северна Македонија преку своето зависно друштво:

- ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје - Центар, Република Северна Македонија, со ЕМБС 6364578 и регистрирана приоритетна дејност 66.30 – Дејности на управување со фондови ("Генерали Скопје").

**Коннинг Холдингс Лимитед** е глобална компанија за управување со средства која обезбедува инвестициски решенија претежно за осигурителната индустрија и други институционални инвеститори. Коннинг Холдингс Лимитед е холдинг компанија на Групацијата, група на компании за управување со средства кои работат во САД, Обединетото Кралство и Азија (Хонг Конг). Коннинг Холдингс Лимитед главно вклучува

четири бизнис линии за управување со инвестиции, со долга историја на опслужување на осигурителната индустрија.

Коннинг Холдингс Лимитед и Групацијата немаат корпоративно присуство во Република Северна Македонија, ниту пак оствариле приход во годината што и претходи на Трансакцијата.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на секторот на услуги за управување со средства.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

11.09.2023 година, Скопје